**Табеларен приказ на граѓански здруженија и проекти поддржани од Општина Делчево за 2023 г.**

Комисијата за доделување финансиска помош на граѓански здруженија при Општина Делчево ја утврди листата на граѓански организации кои ќе добиваат финансиска помош за реализација на проекти и на годишната програма на граѓанските организации согласно со објавениот Јавен повик за 2023.

| **Ред. бр.** | **Граѓанска организација** | **Назив на проектот/програмата** | **Цели на проектот** | **Добиен износ во денари** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Здружение на пчелари-два | Програма за унапредување и развој на пчеларството во Општина Делчево. | Целта на програмата е унапредување на пчеларството во општината, зачувување на пчелниот фонд, зголемување и полесно и поефикасно оплодување на овошките. | 20.000 ден |
| 2. | Здружение на роднокрајниа втори ПИЈАНЕЧКИ ГЛАС Делчево | Проект „Културни хоризонти“ | Проект од областа на културата и неговата цел е претставување роднокрајни автори од сите области на творењето со цел одбележување на 20-годишнината од формирањето на здружението и подигање на јавната свест за поголема поддршка на роднокрајните автори. | 30.000 ден. |
| 3. | Здружение Ф.Г.„Копачка“с. Драмче Делчево | годишна програма „Прослава на јубилеј-постоење на ЗФГ КОПАЧКА с.Драмче, Делчево | Цел е јакнење на свеста на младата популација за културното наследство на Пијанец и прослава на 75 години постоење на ФГ „Копачката“, а со тоа исполнување на предусловите за одржливост на орото „Копачка“на Репрезентативната листа на нематеријални културни наследства на УНЕСКО | 50.000 ден |
| 4. | Ромски културен и едукативен центар „ТЕРНИПЕ МК“ Делчев | „Со реализација на правата кои ми припаѓаат“ | Целта на овој проект е со знаење до реализација на правата кои им припаѓаат на маргинализираните и ранливите групи на граѓани од Делчево преку описменување за правата од социјална и здравствена заштита преку медиумска | 30.000 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | презентација, работилници, трибини, брошури и индивидуални средби за застапување со преставници од институциите | |
| 5. | ПЛАНИНАРСКИ СПОРТСКИ КЛУБ ГОЛАК-Делчево | Проект за мрежа на рекреативно-планинарски патека Свети Води | Целта на проектот е развој на туризмот, заштита на локалитетите, нивна промоција, развој на активен и планински туризам. Главни активности се мапирање, уредување, поставување маркација, поставување патокази и инфотабли. | 50.000 ден |
| 6. | Здружение Регионален центар за застапување-Делчево | Буџетски форум 2024 година | Целта на проектот е подготовка на општинскиот Буџет за наредната година преку со вклучување на граѓаните во планирањето и трошењето на општинските срдства кои се прибираат од граѓаните,транспарентност и партиципативност при донесувањето на Буџетот преку граѓанско учество. | 90.000 ден |
| 7. | КУД „Гоце Делчев“ | Набавка на опинци, реквизити и носии за КУД „Гоце Делчев“ Делчево - Традицијата продолжува | Целта е набавка на опинци,реквизити за постановка на кореографии, делови на докомплетирање на народните носии, апарат за фото и видеоснимање за архива, одбележување значајни настани од историското и културното минато, активности од посебен општествен интерс и сценска адаптација на кореографија „Делчевско ситно“. | 90.000 ден. |